# CRIMINAL OFFENSES AGAINST OFFICIAL DUTY, WITH SPECIAL ANALYSIS OF THE CRIMINAL OFFENSE, ABUSE OF OFFICIAL POSITION AND AUTHORIZATION, ACCORDING TO CRIMINAL LEGISLATION AND PRACTICE

**Tose Panov**
MIT-University, Skopje, Macedonia, kaparosce@gmail.mk

**Abstract:** In this paper the author will try to analyze and describe the basic characteristics of the criminal offenses against official duty, and he will pay special attention to the criminal act "Abuse of official position and authority" from Article 353 of the Criminal Code of the Republic of Macedonia as a general and fundamental criminal offense against official duty. The basic elements of the criminal offense will be analyzed, starting with the status of the perpetrators, the acts of committing, the consequences of the offense, the guilt of the perpetrator, and in the end are presented the qualified forms of this criminal act. Through the outburst of the legal norms, and the stated statistics we will try to give freshness to the legal text, and that is the main contribution of this paper.
**Keywords:** abuse of office, abuse of official position and authority, official person, responsible person.

# КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ,СО ПОСЕБНА АНАЛИЗА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО,ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ, СПОРЕД КРИВИЧНОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ПРАКСА

**Тоше Панов**
МИТ-Универзитет,Скопје, Македонија, kaparosce@gmail.mk

**Апстракт:** Во овој труд авторот ќе се обиде да ги анализира и опише основните карактеристики на кривичните дела против службената должност и ќе посвети посебно внимание на кривичното дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353 од Кривичниот законик на Републиката на Македонија како општо и основно кривично дело против службената должност. Ќе се анализираат основните елементи на кривичното дело, почнувајќи од статусот на сторителите, од делата на извршување, последиците од кривичното дело, вината на сторителот и на крајот се презентирани квалификуваните форми на ова кривично дело. Преку избувнувањето на правните норми и наведената статистика ќе се обидеме да дадеме свежина на правниот текст, а тоа е главниот придонес на овој труд.
**Клучни зборови:** злоупотреба на функцијата, злоупотреба на службената положба и овластување, службено лице, одговорно лице.

## 1.ВОВЕД

Делата против службената должност се нарекуваат уште и службени дела.

Основа за издвојувањето на овие кривични дела како посебен вид на криминал се следните карактеристики на делата:

-Се работи за дела кои се насочени против службената должност,

-Овие дела се вршат во вршењето на службената должност, со злоупотреба на службените и јавните овластувања со превземање на противправни дејствија во кругот на овластувањето(така : фалсификување службени исправи, злоупотреба на положбата и сл.), или со искористување на самата службена положба за превземање дејствија што инаку не влегуваат во кругот на службените овластувања(измама во службата, послуга и сл.)

-Извршител на овие дела е службено лице.

Делата против службената должност се појавуваат како облици на напад врз вршењето на службената должност со тоа што исклучително во оваа глава влегуваат и дела на напад врз службената должност однадвор/ поткуп,корупција/. Камбовски 1129/

Според Камбовски Службеното казнено дело може да се дефинира како дело што е насочено против службената должност и е извршено во вршењето на службената должност од страна на службено лице.

Во теоријата многу се дискутира за пимот службено кривично дело. Во литературата воглавном е искристализирано мислењето дека за поимот службено кривично дело се битни следните елементи:1.сторителот на кривичното дело да е службено лице2.со кривичното дело да е повредена службената должност3.кривичното дело да е сторено во вршењето на службената должност 4.делото во законот да е одредено како кривично дело.

Спрема тоа службеното кривично дело би можело да се дефинира како повреда на службената должност која службеното лице ја врши во вршењето на својата службена должност , а која во законот е одредена како кривично дело. Д.Атанацковиќ, 565

## 2. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖЕНАТА ДОЛЖНОСТ

Триесеттата глава од Кривичниот законик на Р.Македонија е посветена на Кривичните дела против службената должност. Во оваа глава се предвидени сите кривични дела против слуќбената должност кои можат да ги сторат службените лица. Како извршител на одделни службнени дела се појавува и одговорно лице,Камбовски 1131/.Поимот службено лице е одреден во чл.122 ст.4. од Кривичниот законик на Р.Македонија.

Иако овие кривични дела се означени како кривични дела против службената должност, во оваа глава постојат и такви кривични дела кои не мораат да се извршат од страна на службено лице. Таков е случајот на пример, со кривичното дело давање поткуп,а таков е случајот и со некои други кривични дела на пример со кривичното дело ,,проневера,,кое може да го стори секое лице на кое одредени подвижни предмети му се доверени во службата и слично. Стр.567-Атанацковиќ,

Кривичните дела против службената должност претставуваат различни облици и видови на злоупотреба на службената положба и овластување во вршењето на службената положба.

Извршители на овие кривични дела се службените лица или одговорните лица кои вршејки ја службената должност, но не во интерес и за потребите на службата што ја вршат ,туку за друга цел или интерес, најчесто со намера на овој или оној начин за себе или за друг да се прибави некаква корист , односно на некој друг да му се нанесе штета

Самиот поим службена должност како објект на заштита е поврзан за определена позиција на лицата што се носители на таа должност. Камбовски, 1129/

Заштитен објект на оваа група на кривични дела е службената должност, односно служба,/Перич-Стојановиќ/.

Поимот службена должност не е определен со законот; се работи за динамична категорија што може да се сфати во смисла на претходните излагања: покрај овластувањата во вршењето на функциите на државните органи /управни,правосудни,воени и др./овој поим ги покрива и јавните овластувања во правните лица што вршат јавни функции/ јавни претпријатија, социјални,комунални, здравствени и други јавни служби/.

Според класичната казненоправна концепција овие инкриминации се насочени против државниот интерес за неприкосновеност на овластувањата на државните службеници како и за заштита на довербата во правилното исполнување на службените должности кое нешто претставува и објект на заштита на овие кривични дела.(Камбовски)

Објект на заштита кај овие кривични дела е службената должност на државните и други органи кои вршат јавни овластувања. Меѓутоа, со овие кривични дела истовремено се повредуваат или загрозуваат низа други општествени вредности како што се слободите и правата на човекот и граѓанинот и нивниот имот, стопанството, правниот сообраќај и сл./Петровиќ, Јовашевиќ и Ферхатовиќ, 2016 стр.280.

Сторител на овие кривични дела е службеното или одговорното лице кое постапува со умисла.Иако последиците се пропишани различно и поединечно/прибавување на имотна или некоја друга корист, предизвикување штета на друг, повреда на правата на друго лице и сл./ може да се заклучи дека заедничка последица на сите кривични дела од оваа група е загрозувањето на правилното и законското вршење на службените или други одговорни должности.

## 3.ВНАТРЕШНО СИСТЕМАТИЗИРАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ

Овие кривични дела можат да се поделат спрема тоа дали нив можат да ги сторат само службените лица во вршењето на својата должност /прави службени кривични дела/ или пак можат да бидат извршени и од страна на други лица/неправи службени кривични дела/.

Во правите кривични дела спаѓаат на пр. Злоупотребата на службената положба, примањето на поткуп,оддавањето на службена тајна и др.

Прави службени дела се дела што се насочени исклучиво против службената должност како објект на заштита и се вршат од страна на службени лица.Скоро сите дела од оваа глава се такви, но постојат и дела надвор од оваа глава што се вршат од страна на службено лице и што влегуваат во оваа категорија/ така овозможување да се склучи недозволен брак члк.196/.Правите казнени дела влегуваат во редот на т.н. delicta proprria(дела со специјален субјект/.

Неправи службени дела се општи дела што добиваат потежок,квалифициран вид ако се извршени од страна на службено лице; со други зборови тоа се квалифицирани видови на некои општи казнени дела. Покрај додатниот елемент на посебно својство на сторителот како службено лице, објективното битие на тие општи дела се проширува со посебниот квалификаторен елемент на злоупотреба на службената положба, односно тие се вршат во службата, со пречекорување на службените овластувања. Такви се, на пример, одделни дела против слободите и правата/присилба, противправно лишување од слобода итн./Камбовски 1130/.

Како неправо службено кривично дело може да се наведе кривичното дело проневера, кое може да биде извршено од страна на секое лице и надвор од вршењето на службената должност и во тој случај претставува затајување, која е предвидена во главата за кривичните дела против имотот.

Неправите службени кривични дела се оние дела кај кои извршителот освен служено лице може да биде и некое друго лице кое делото го врши надвор од своите службени должности и во врска со нивното вршење/противзаконско посредување и сл/.

Со оглед на тоа дека систематизацијата најпрво треба да се изврши спрема најблискиот објект на заштита , целисходно е овие кривични дела да се поделат спрема видот на службената должност спрема кои се насочени. Во тој смисол овие кривични дела можат да се поделат на општи и посебни службени кривични дела.

- Од кривичните дела предвидени во Кривичниот законик на Р.Македонија во општите службени кривични дела спагаат: Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353; Кр.дело од чл.353-а;Кр.дело од чл.353-б; Кр.дело од чл.353-в; од Чл.354;од Кр.дело чл.355, Кр.дело чл.356;Кр.дело чл.357,Кр.дело чл.359; Кр.дело чл.359-а; Кр.дело чл.360; Кр.дело 360-а, Кр.дело чл.361 и Кр.дело чл.362 од КЗ на РМ. Во посебните кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Р.Македонија спаѓаат и кривичните дела од чл.373 и чл.374 од КЗ на РМ.:Противзаконито ослободување на лице лишено од слобода/чл.373/;
- Во продолжение ќе ги наведеме податоците за пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за кривичните дела Злоупотреба на службената должност по години од 2008-2017 г.

***Табела1.Пријавени полнолетни лица***

| 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1112 | 1061 | 1067 | 825 | 843 | 927 | 566 | 664 | 613 | 593 |

Извор: Државен завод за статистика

Видно од табелата бр.1. е дека бројот на пријавени лица во 2008 г. Во споредба со 2017 г. е намален за 53,32 %.

***Табела 2. Обвинети полнолетни лица***

| 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 291 | 343 | 262 | 365 | 317 | 247 | 355 | 279 | 187 | 152 |

Извор: Државен завод за статистика

Видно од табелата бр.2 е дека бројот на обвинети лица во 2008 г. во споредба со 2017 г. е намален за 52,23%/

***Табела 3.Осудени полнолетни лица***

| 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 175 | 167 | 142 | 133 | 150 | 137 | 243 | 201 | 213 | 96 |

Извор: Државен завод за статистика

Видно од табелата бр.3. е дека бројот на осудени лица во 2008 г. во споредба со 2017 г. е намален за 53,85%.

Очигледно е дека бројот на пријавени, обвинети и осудени лица во 2008 г. во однос на 2017 г. е намален за повеќе од 50%.

*Табела 4.Осудени полнолетни лица за кривичните дела против службената должност и изречените главни казни –затвор, париќна казна и изречени забрани/главни и споредни/ во 2017 г.*

| Кривично дело | Вкупно | | | Главна казна | | | | | | | | | Парична казна |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Затвор | | | | | | | | | |
| | Осудени лица | Жени | Се | Дож. затвор | Затвор од 20г. | од 10 до 15г. | од 5 do 10г. | од 3 до 5г. | од 2 до 3г. | од 1 до 2г. | од 6 мес. до 1г. | се | Парична казна |
| Кривични дела против службената должност | 96 | 21 | 6 | / | / | / | 1 | 1 | 2 | 1 | / | 5 | / |

Извор: Државен завод за стаитистика.

Иако, некои кривични дела се во тек во однос на изречените казни, особено казната затвор е испод предвидениот минимумот за овие кривични дела.

**4.КРИВИЧНО ДЕЛО „ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ**

Кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување е едно од кривичните дела против службената должност и е предвидено во член 353 од Кривичниот Законик на РМ и претставува основно кривично дело против службената должност/

Тоа е право службено кривично дело затоа што сторителот може да биде исклучиво службено или одговорно лице и тоа својство на сторителот е посебно конститутивно обележје на законското битие на ова кривично дело.

Од наведеното произлегува дека ова дело може да се оствари единствено во вршењето на службената должност, а надвор од тоа ова дело не постои.

Ова е општо и основно службено кривично дело. Општо, затоа што и повеќе други кривични дела во оваа глава од законот се посебни облици на ова дело, а основно, затоа што повеќе службени кривични дела се заправо дела на злоупотреба.Бачиќ, Павловиќ,2004,стр.1161./Како општо дело тоа е од супсидеирен карактер во однос спрема овие посебни дела.Со други зборови за ова кривично дело ќе се работи само ако во конкретниот случај не се исполнети обележјата на битието на некое друго кривично дело со кое ова кривично дело е во привиден стек/Цвитановиќ,Мунивррана Вајда и Турковиќ 2013,стр.229/.Тоа значи дека е исклучен стек помеѓу таквото општо и посебното кривично дело, и таквиот случај се квалификува како посебно кривично дело.Сепак тоа не значи дека ова кривично дело не може да биде во стек со други кривични дела.

Објект на заштита е службената должност, нејзиното исправно, целисходно, благовремено, квалитетно ефикасно и законско вршење на службата.

Примарен објект на заштита претставува законито, совесно, и правилно вршење на службената должност и овластување. Интенцијата на законодавецот да го пропише ова кривично дело е да ги обврзе службените и одговорните лица на совесно вршење на нивните службени должности и овластувања.

Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување спаѓа во посебните кривични дела- /delicta propria/, кои може да ги стори само лице со одредени својства назначени во законскиот опис на делото. Лицата кои немаат својство на службени или одговорни лица не можат да бидат извршители на ова кривично дело,но можат да одговараат како помагачи или поттикнувачи.

Кај ова кривично дело својството на службеното или одговорното лице е конститутивно обележје на неговиот основен облик- права/ delicta propria/.

Извршител на предметното кривично дело може да биде само службено лице и одговорно лице.

Често пати во праксата се јавуваат дилеми околу тоа дали некое лице има својство на службено или одговорно лице.Со оглед на тоа што својството на извршителот е конститутивен елемент во битието на кривичното дело, задача на обвинителството е пред се да понуди доволно докази,најпрво дека обвинетото лице има својство на службено или друго лице, а задача на судот е врз основа на понудените докази тоа и да го утврди.

Од законското одредување на поимот злоупотреба на службената положба или овластување произлегува дека дејствието на сторување на предметното кривично дело е пропишано алтернативно и постојат три облици на основното дело предвидено во оваа одредба, односно делото може да се изврши на три различни начини и тоа со: искористување на службената положба или овластување;пречекорување на границите на службеното овластување; неизвршувањето на службената должност.

**а/Искористување на службената положба или овластување**

Кога постои искористување на службената положба, а кога искористување на службеното овластување?.

Пред се, треба да ги дефинираме и да ги разграничиме поимите положба и овластување од причина спрема законската норма овие поими се пропишани алтернативно.

Положба е општ поим/ суперординиран/, додека овластувањето е посебен поим/субординиран/затоа што овластувањето е само едно право на службеното или одговорното лице, и овластувањето е веќе содржано во положбата,па од тие причини сметам како некои други автори дека спомнувањето на овластување во законскиот текст е сувишно.

Кога ќе резимираме ќе констатираме дека службената положба е поширок поим од овластување и претставува, заправо раководна положба во службата, одредено во службената функција од која службеното лице ги црпи своите овластувања. Овластувањето е потесен поим од положбата и претставува оквир на работи кои ги врши некое лице , а кои се уредени со соодветен правен пропис.Службената положба носи со себе низа овластувања, додека овластувањето со себе не носи нужно и положба. На пр.лицето кое се наоѓа во работен однос црпи од него бројни овластувања, а не е на раководна положба.

б)Пречекорување на границите на службеното овластување е вториот можен начин на сторување на кривичното дело злоупотреба на положбата и овластувањето. Постои кога службеното или одговорното лице постапува надвор од своите овластувања, поточно надвор од своите стварни надлежности.Службеното или одговорното лице ги пречекорува границите на своите овластувања и превзема службено дејствие кое не е во негова надлежност, туку е во надлежност на некое друго службено или одговорно лице

**в/ Неизвршувањето на службената должност**

Кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување е комисивно-омисивен деликт, затоа што може да биде сторено и со невршење на службената должност. Значи третиот облик на ова кривично дело се состои во пропуштање на службеното лице или во формално исполнување на службените обврски што во материјална смисла значи пропуштање на вршење на службената должност.пр.површно вршење претрес на стан и неоткривање на она што се бара.

Извршителот на делото пропушта да стори нешто што инаку е должен да го стори,што спаѓа во неговата надлежност,одбива да стори нешто што е должен да го стори,не интервенира таму дека е очигледно дека треба веднаш да се интервенира, одолговлекува со превземањето или извршувањето на некоја своја службена обврска. Овој облик на сторување најретко се појавува во судската пракса.Без оглед на тоа што дејствието упатува на несторување, овој облик може да се изврши и со сторување/со активно, позитивно дејствување/ и со несторување/негативно дејствување/.Вршењето на службената должност е неопходно да се согледа и во формална и во материјална смисла/.Формално и материјално несторување на службената должност би постоела во случај, на пр.одредено службено лице да не донесе одреден акт кој бил должен да го донесе-одбие да го издаде уверението кое граѓанинот го бара, додека формално сторување постои во случај службеното лице да донесе некој акт кој бил должен да го донесе, но го донесол или неблаговремено/ кога тоа не може повеќе да ја оствари својата цел/,или го донесе погрешно или непотполно/. Во овој случај би постоело формално сторување и материјално несторување.

Можеме да заклучиме дека кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување се извршува само ако тоа слуѕеното лице го врши во вршењето на службената должност.

Дејствијата на сторување се алтернативно одредени, така да во објективна смисла ја чинат структурата на кривичното дело. Од таа причина на прво место од исклучително значење е обвинителот во обвинителниот акт да ги дефинира дејствијата на сторување на предметното кривично дело.Значи, во описот на делото

битно е да се назначи, дали е сторено 1, со искористување на службената положба или 2.со пречекорување на границите на службеното овластување или 3.со неизвршување на службената должност.

Значи, потребно на многу јасен и прецизен начин да се нагласи за кое од алтернативно поставените дејствија станува збор во конкретниот случај.Доколку не се документираат доказите со кои прецизно ќе се издиференцираат дејствијата на сторување , обвинителот нема да биде во прилика во обвинението да го прецизира фактичкиот супстрат, и така нема да може да го докаже ова кривично дело.

Предметната инкриминација е од бланкетен карактер, што повлекува за последица утврдување и повикување на прописите спротивно на кои обвинетиот постапувал.

Тоа значи дека во конкретната фактичка ситуација, фактичкиот супстрат на обвинението,во бланкетна смисла , мора да ги содржи прописите кои обвинетиот ги повредил.Тоа понатаму значи, дека мореа да биде цитирана или наведена нормата на било кој законски или подзаконски акт која би укажувала на тој бланкетен карактер.

Во обвинителниот акт не е доволно само да се наведе материјалниот пропис, спротивно на кој постапувал обвинетиот, туку е потребно и содржајно да се наведе и да се објасни во што се состои повредата на тој пропис. Значи, во обвинителниот акт треба да се наведе, а на главниот претрес и да се докаже, дека обвинетиот со јасно и прецизно опишани дејствија и го повредил конкретниот пропис, односно ја искористил службената положба и овластување, го пречекорил службеното овластување или не ја извршил службената должност.

Во случаевите кога не се прецизирани разгледуваните одредби, судијата на претходната постапка ги има сите основи обвинението да го врати или да го одбие, односно на крајот судот да донесе пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението. Судот не може да ги утврди битните факти, ниту да изведе заклучок за евентуалните повреди на таквиот пропис за да ја отцени како една од три алтернативно поставени дејствија на сторување доколку конкретнит пропис од страна на обвиненителството не е предложен во обвинителниот акт, а ниту изведен како доказ.

Последица на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување се состои во предизвикувањето опасност за службата. Таа се изразува во загрозувањето.

Последицата е пропишана со законска одредба и може да се јави во еден од трите облика, и тоа: 1.во прибавување за себе или за друг некаква корист,или

2 нанесување некаква штета на друг или

3.во потешка повреда на правата на друг

Ова кривично дело останува кривично дело со кое се штити службената должност како правно добро.

Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување е материјално кривично дело кое е довршено кога со дејствието на сторување сторителот прибавил за себе или за друг некаква корист или на друг му предизвикал штета или ги повредил правата на друг.Мегутоа, се покажа спорно и прашањето кога предметното кривично дело се смета за довршено, односно кога постои обид, а кога довршено кривично дело злоупотреба на положбата и овластувањето.

Ако настапила последица, неопходно е да се конкретизира и каква последица настапила, дали за себе или за друг е прибавена некаква корист, ако е прибавена каква, во кој износ , за кој вид на корист се работи, или пак на друг, евентуално му е нанесена некаква штета, која штета и каква или потешко се повредени правата на друг, ако се кои права се повредени и какви права се повредени. Овие фактички супстрати за настапување на последицата треба да се конкретизираат на претходно опишан начин.Во поглед на обликот на вината теоретичарите се разликуваат.

Повеќето се оние кои сметаат дека кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување може да се стори само со умисла.

Делото е умислено: сторителот треба да биде свесен дека ја искористува својата службена положба или овластување, дека ги пречекорува границите на овластувањето или дека не ја врши службената должност. Покрај службеното лице извршител е и одговорното лице , одговорното лице во странското правно лице што има претставништво или врши дејност во РМ, како и лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.

Најбројни се оние кои сметаат дека кривичното дело злоупотреба на службената должност и овластување може да се изврши само со умисла./Петровиќ, Јовашевиќ, Ферхатовиќ.Томиќ, Мрвиќ.Стојановиќ, Periќ/.при тоа не прецизирајки дали се работи за директна умисла или евентуална умисла, без да го анализираат истото. Некои автори одат понатаму и сметаат дека предметното кривично дело може да се

изврши само со умисла, но покрај умислата е потребна и намера за себе или за друг да се оствари некаква корист или на друг да му се нанаесе некаква штета./Бабиќ, Маркович, Таховиќ/.Според Лазаревиќ кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување може да се изврши само со умисла, меѓутоа за постоење на ова кривично дело е потребна и намера на сторителот со сторувањето да прибави корист, односно да се нанесе штета, па од таа причина делото може да биде сторено само со директна умисла.

Спрема тоа, во секој случај се бара директна умисла/dolus directus/,па евентуална умисла /dolus eventualis/не е доволна.

Намерата на сторителот мора да ја опфати како свеста за тоа дека се искористува положбата или овластувањето, пречекорувањето на границите на овластувањата или невршењето на должноста, така и свеста дека се предизвикува штета, дека потешко се повредуваат правата на друг и дека се прибавува имотна корист.

Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување има, покрај основното и два квалификаторни облици на делото.

Квалификаторни околности претставуваат поголема имотна корист или предизвикување поголема имотна штета или потешки повреди на правата на друг/ст.2/ или ако користа или штетата е значителна /ст/3/.

Ставот 5 од чл.353 е бришан од казнениот законик.

**ЗАКЛУЧОК**

Кривичните дела против службената должност се нарекуваат уште и слуќбени дела. Кривичното дело злоупотреба на службената должност или овластување е општо и основно кривично дело поротив службената и другите одговорни должности.Сторители на овие кривични дела се службените или одговорните лица кои во вршењето на својата службена должност,но не во интерес и за потребите на службата која ја вршат, туку за друга цел или интерес – најчесто во намера на овој или оној начин за себе или за друга да се прибави некаква корист, односно на друг да се нанесе некаква штета или потешко да се повредат правата за друг. Ова кривично дело може да се изврши со искористување на службената положба или овластување, со пречекорување на границите на службените овластувања или со неизвршување на службените должности,што значи дека дејствието на вршење на делото е пропишано алтернативно. Ова кривично дело се смета за завршено со настапување на последицата, додека обид на кривичното дело постои во случај кога дејствието на сторување е превземено, а не е настапила забранетата последица , поточно дека со злоупотреба на службената положба користа не е прибавена, односно не е предизвикана штета или потешка повреда на правата на друг , а да е превземено дејствие на сторување или несторување на некои од можните облици назлоупотреба, со намера опишана во законската норма.

Стек помеѓу кривичното дело злоупотреба на службената должност или овластување и некое друго кривично дело против службената должност не е возможен, но стек со некое друго кривично дело е возможен.

За постоење на ова кривично дело се бара директна умисла /dolus direktos/,а намерата на сторителот мора да ја опфаќа како свеста за тоа дека се искористува положбата или овластувањето, пречекорување на границите на овластувањето или не вршењето на должноста, така и свеста дека се предизвикува поголема штета, дека потешко се повредуваат правата на друг или дека се прибавува имотна корист/

Покрај основното, Кривичното дело злоупотреба на службената положба или овластување има и два квалификувани облика на делото. Потешки облици на делото се пропишани само за злоупотребата од користољубие. Предметното дело го прави квалифицирано висината, односно вредноста на прибавената имотна корист.

Анализирајќи ги податоците за пријавените, обвинетите и осудените лица за делата од злоупотреба на службената положба за потребите на овој труд , а најповеќе за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување преку пресудите на судовите, можеме да заклучиме дека една од можните причини за ослободителни пресуди е таа што обвинителството не понудило доволно докази во однос на својството на сторителот или во однос на поедините облици на злоупотреба, во однос на причинската врска помеѓу дејствието и последицата и најнакрај во однос на умислата и намерата на сторителот. Поточно дека обвинителството не било во можност да прибере доволно докази за основните елементи и битието на кривичното дело, што доколку се земе во предвид природата на кривичното дело, не е за изненадување. Затоа овде и ги толкувавме законските норми, секои од основните елементи поединечно, и со соодветна

анализа на добиените податоци се обидовме да дадеме свој придонес за донесување на поквалитетни судски одлуки, кога правосудните органи можат да се најдат при решавањето на конкретен случај.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1]Владо Камбовски,Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, клуб Матица, Скопје 2015 г.
[2]Драгољуб Р.Атанацковиќ, Привредна штампа, Белград 1981
[3]Обрад Периќ, Зоран Стојановиќ, Фељтон,Нови сад, 1996
[4]Јанко Таховиќ, Кривично право, Научна книга,Белград 1947, и 1961
[5]Милош Радовановиќ, Савремена администрација, Белград 1996
[6]Зоран Стојановиќ, Кривично право, Правна книга, Белград 2014
[7]Бачиќ Ф,И.Шепаровиќ-Кривично право, посебен дел 1997, пето издание,Загреб,Информатор - 3/1997/
[8]Чејовиќ Б.-Кривично право во судската пракса,Посебен дел, 3-то издание, Крагуевац: Лион Марк
[9]Амила Ферхатовиќ, Злоупотреба на положбата или овластувањата во законодавството и праксата, Годишник на Правниот факултет-Сараево, LIX-2016.
[10]Јовашевиќ Д.- Злоупотреба на службената положба и корупција, Белград, Номос.. 2005
[11]Лазаревиќ Љ.-Кривично право, Посебен дел, Белград, Савремена администрација.1993
[12]Мрвиќ Петровиќ,Н.-Кривично право општ и посебен дел III изменето и дополнето издание, Белград, Правен факултет, Универзитет унион, Сл.гласник.2006
[13]Новоселац,П.-Злоупотреба на положбата и овластувањата како стопанско казнено дело., Хрватски летопис за казнено право, 9.-2002